ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за планирање и уредување на просторот

ПРЕТСТАВНИК: Секретар на Град Скопје

ПОВЕРЕНИК: Раководител на Сектор

# П Р Е Д Л О Г  О Д Л У К А

за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на детска градинка

Скопје, јули 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), а во врска со член 59 став 12 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20 , 227/22 и 111/23 ), Советот на Град Скопје на ________________ седница, одржана на ___ јули 2023 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на детска градинка

### Член 1

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Гази Баба во Скопје се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на детска градинка, според ДУП за Градска четврт СИ 04, Блок 3, со намена В2-здравство и социјална заштита (детска градинка), Г.П.3.54, на ул. „Новопроектирана“ б.б., КП 1117/2, КО Маџари, во општина Гази Баба, со средства во износ од 578.570,00 денари, за бруто корисна површина од 2.346,81 м2 или нето наплатна површина од 113,82 м2.

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот.

### Член 2

Средствата од член 1 став 1 на оваа Одлука претставуваат дел од вкупниот надоместок за уредување на градежното земјиште во висина од 60% наменет за Град Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Град Скопје “.

Број - __________
___ јули 2023 година
Скопје

Совет на Град Скопје
Претседател,
Трајко Славевски с.р.

## О б р а з л о ж е н и е

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје. Согласно член 59 став 12 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), одобрение за градење не може да се издаде ако не е платен надоместокот за уредување на градежно земјиште освен ако инвеститорот и општината склучат договор за плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште на рати или склучат договор со кој е утврдено дека инвеститорот ќе го уреди земјиштето на сопствен трошок или донесен е акт врз основа на кој инвеститорот е ослободен од плаќање на надоместокот.

Инвеститор за изградба на детска градинка, Градска четврт СИ 04, Блок 3, со намена В2-здравство и социјална заштита (детска градинка), Г.П.3.54, на ул. „Новопроектирана“ б.б., КП 1117/2, КО Маџари, во општина Гази Баба, е општина Гази Баба.

По барање број 08-6361/1 од 16.06.2023 година од страна на Општина Гази Баба, Градот Скопје за да придонесе во реализацијата на проектот и изградба на истиот, оценува дека на овој начин треба да биде регулиран надоместокот за уредување на градежното земјиште наменет за Општина Гази Баба.

Со донесување на оваа Одлука, Градот Скопје заради претходно направени вложувања на конкретните локации, нема обврска да учествува во уредувањето на градежното земјиште. Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на Општина Гази Баба.

Врз основ на погоре наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за ослободување од плаќење на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на детска градинка.